Се колнам во Аллах, дека иншаллах ако дадам заклетва, а потоа видам дека нешто друго е подобро, ќе се искупам за заклетвата и ќе го направам она што е подобро.‘“

Ебу Муса ел-Ешари, Аллах нека е задоволен со него, раскажува: „Дојдов кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, со група од племето Ешари за да побараме средство за превоз. Тој ни рече: ‚Се колнам во Аллах, не можам да ви обезбедам јаваници бидејќи немам можност за тоа.‘ Останавме таму извесно време, колку што Аллах го одредил, а во меѓувреме му беа донесени камили. Тогаш нè повика и ни додели три камили. Кога тргнавме, некои од нас рекоа еден на друг: ‚Аллах нема да ни даде бериќет, побаравме од Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, да ни обезбеди јаваници, тој се заколна дека нема, а сепак ни даде.‘“ Ебу Муса продолжува да раскажува: „Повторно се вративме кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и му го спомнавме тоа, а тој ни рече: ‚Јас не ви ги дадов, туку Аллах. Се колнам во Аллах, дека иншаллах ако дадам заклетва, а потоа видам дека нешто друго е подобро, ќе се искупам за заклетвата и ќе го направам она што е подобро.‘“

[صحيح] [متفق عليه]

Ебу Муса ел-Ешари, Аллах нека е задоволен со него, раскажува дека пристигнал кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, заедно со група од своето племе со цел да побараат камили за да учествуваат во џихад. Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се заколнал дека нема да им даде камили јаваници, бидејќи во тој момент немал можност да им ги обезбеди истите. Тие се вратиле и останале така извесен период, сè додека кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, не беа донесени три камили. Тој им ги испратил, но некои од нив рекоа: „Аллах нема да ни даде бериќет во овие камили, бидејќи Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, се заколна дека нема да ни даде камили јаваници, а потоа сепак ни даде.“ Повторно отидоа кај Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, и го прашаа за тоа, а тој им одговори: „Јас не ве снабдив, туку Аллах, бидејќи Тој е Оној што дава и снабдува, а јас сум само причината преку кого тоа се случи.“ Потоа додаде: „Се колнам во Аллах, ако некогаш се заколнам дека ќе направам нешто или ќе го оставам, а потоа ќе увидам дека нешто друго е подобро, тогаш ќе го направам подоброто, ќе се откажам од дадената заклетва и ќе се искупам за неа.“